ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2018 ГОДИНА НА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА-СДСМ

01 2019 04 18

Скопје, март 2020

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 10 |
| Финансиски извештаи за 2018 година и 2017 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 11 |
| Биланс на состојба | 12 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 13 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 14-15 |
| - Сметководствени политики | 15-18 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 18-24 |
| Прилози | |

Прилог 1 - Преглед на резултатите од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор

Прилог 2 - Забелешки на Нацрт извештај на овластениот државен ревизор

Прилог 3 - Одговор на забелешки по Нацрт извештај на овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

СДСМ – Социјалдемократски сојуз на Македонија

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:10-391/1**
**Датум: 04.03.2020**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија – СДСМ за 2018 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2018 година, изразивме мислење со резерва како во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи така и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на СДСМ на сметката за редовно работење за 2016 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2016 година, при што е утврдено дека од две препораки една препорака е во тек на спроведување и една препорака не е спроведена.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2018 година, заедно со ревизија на усогласеност ги констатиравме следниве состојби:

- за дел од градежните објекти, наследени од правниот субјект претходник на партијата не е решен сопственичкиот статус, поради што истите не се воведени кај надлежната агенција и во сметководствената евиденција на партијата, за која состојба овластениот државен ревизор извести и во Конечните извештаи за претходен период.
- средствата за членарина од секоја општинска организација се уплатуваат директно на трансакциската сметка на партијата, во вкупен износ за сите поединечни уплати, а не одделно за секоја уплата.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости кои влијаат на работењето на субјектот, а за нивно надминување надлежни се други институции и тоа:

- не се пропишани конкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени и во однос на нивното евидентирање;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти за начинот на водење на сметководството на непрофитните организации;
- поконкретно не е регулиран начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање на политичките партии, како и на начинот на пренос на средствата од членарина од сметката за редовно работење на сметката за соодветна изборна кампања;
- потребно да се изврши усогласување односно допрецизирање на регулативата, заради воедначено искажување на сите извори на финансирање на политичките партии во финансиските извештаи.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од страна на одговорното лице на СДСМ добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, кои претставуваат известување за преземените активности по дадените препораки.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 11 до 13 заедно со ревизија на усогласеност на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија-СДСМ, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија за 2016 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на партијата застапувано од:

- Зоран Заев, претседател на СДСМ.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните

намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 14.10.2019 до 15.11.2019 година кај Социјалдемократскиот сојуз на Македонија – СДСМ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на спроведување на дадените препораки содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност, за 2016 година на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија - СДСМ и известуваме дека од дадени две препораки една препорака е во тек на спроведување и една препорака не е спроведена.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорните лица на партијата, одржан на ден 05.12.2019година.

Од страна на одговорното лице на СДСМ добиени се забелешки број 10-276/1 од 10.02.2020 година на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор кои претставуваат известување за преземените активности по дадените препораки.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Во конечните извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на СДСМ за претходни години, Овластениот државен ревизор извести дека партијата располага и користи деловен простор во градежни објекти, кои ги наследила од правен субјект нејзин претходник[1]. За овие објекти СДСМ нема обезбедено:

- документи за утврдување на сопственоста,
- нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности и
- сметководствена евиденција во деловните книги на партијата.

За отпочнување на активности за уредување на сопственичкиот статус на објектите кои ги користи партијата донесена е Одлука за отпочнување на активности за утврдување на право на сопственост[2] со која се задолжува раководителот на службата за општи правни и кадровски работи да отпочне активности за утврдување на правото на сопственост на објектите со недефиниран сопственички статус, што СДСМ ги владее како правен наследник.

[1]Објект во Тетово, Куманово, Гази Баба, Кисела Вода, Центар, Виница, Кочани, Делчево
[2]Архивирана под број 03-382 на 27.09.2018 година

Од извршениот увид на приложената документација, утврдивме дека состојбата не е променета, односно не е обезбеден документ за сопственост поради што не е извршено нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности и не е извршено евидентирање во деловните книги, согласно одредбите на Законот за сметководство на непрофитните организации и Законот за сопственост и други стварни права, што влијае на искажаната вредност на позицијата на постојаните средства во Билансот на состојба.

Во периодот на известување од ревизијата, одговорното лице на партијата има дадено Овластување заведено под бр.0205-579 од 26.12.2019 година, со кое овластува Адвокатско друштво, да поведе правна постапка за утврдување на правото на сопственост пред надлежните институции и органи, за наследените деловни простории.

**Препорака:**
Да се продолжи со отпочнатите активности за утврдување на сопственоста на објектите кои се користат, нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности и во сметководствената евиденција на партијата.

4.1.2. Во членот 13 од Законот за финансирање на политичките партии, утврдени се приватните извори на финансирање на политичките партии. Членарината претставува редовен износ на средства кој членот на политичката партија го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Согласно член 14 од Законот за финансирање на политичките партии, износот на членарината за период од една година на секој член поединечно не смее да биде повисок од една просечна исплатена нето плата во Републиката во претходната година, што ја објавува Државниот завод за статистика.

Во Конечниот извештај за извршена ревизија во СДСМ за 2016 година, известивме за интерните акти со кои е уредена висината и начинот на плаќање на членарина и истите остануваат непроменети и во 2018 година. Имено, начинот и висината на плаќање на членарината се регулирани со интерни акти[3] согласно кои претседателите на општинските организации на СДСМ имаат обврска да се грижат за уредно прибирање на членарината, висината на истата и задолжително да го известат одговорното лице за материјално финансиско работење на СДСМ доколку некој од членовите уплати износ повисок од законски предвидениот. Прибраните средства од членарини во вкупен износ се уплатуваат на трансакциската сметка на партијата од лица именувани од страна на одговорното лице за материјално финансиско работење на СДСМ. Од лицето одговорно за материјално

[3] Правилник за плаќање на членарина бр.0202-60/1од 02.04.2012 година
Одлука за измени и дополнување на Правилник за плаќање на членарина бр.0202-175/1 од 04.03.2014 година;
Решение бр.0205-248 од 21.02.2014 година.

финансиско работење на СДСМ, доставено е известување[4] дека во текот на 2018 година, до него не се пристигнати известувања од претседателите на општинските организации на СДСМ, дека некој од членовите извршил уплата на членарина на износ повисок од една просечна плата исплатена во Републиката за 2017 година.

Ревизијата утврди дека во 2018 година, средствата за месечната членарина од секоја општинска организација, се уплатуваат директно на трансакциската сметка на партијата, во вкупен износ за сите поединечни уплати.

Воспоставениот начин на прибирање, уплата и известување за приходите по основ на членарина во СДСМ не обезбедува целосен увид и потврдување во поединечно уплатените средства, по наведениот основ.

**Препорака:**

Одговорното лице на партијата да преземе активности за донесување на акт за доуредување на начинот на прибирање, уплата и известување за поединечните износи на средства по основ од членарина, заради потврдување дека поединечните износи на членарина се во рамките на законски утврдениот лимит.

### Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.1.1. и 4.1.2. кои се однесуваат на нерешен сопственички статус на дел од градежните објекти наследени од правниот субјект претходник на партијата како и воспоставениот начин на уплата на членарината на трансакциската сметка, имаат влијание врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, освен за можните ефекти на прашањата изнесени во точките 4.1.1 и 4.1.2, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија на ден 31 декември 2018 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

[4] бр.03-72 од 14.03.2019 година

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за можните ефекти на прашањата изнесени во точките 4.1.1 и 4.1.2, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Останати прашања

6.1. Согласно член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации[5] признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, што значи дека приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост.
Согласно наведениот член, приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно и постапувањето при евидентирањето на истите кај политичките партии е еднообразно, додека под критериумот расположливост на приходите во пресметковниот период се подразбира дека приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.
Поради наведените алтернативни критериуми (сврзникот „или„), ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да донесат поконкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, како и во однос на нивното евидентирање или да се преземат мерки за законско доуредување.

6.2. Согласно дел IV Признавање на приходите и расходите, во член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации, наведено е дека признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, без притоа да се наведе што подразбира поимот вкупни приходи односно дали приходите ги опфаќаат само наплатените приходи остварени по видови и извори, имајќи во предвид дека политичките партии, покрај останатите извори се финансираат и од донации, подароци, прилози, материјални средства, опрема утврдени во член 27 од Законот за финансирање на политичките партии, кои не секогаш предизвикуваат приливи во парични средства.

[5] „Службен весник на Република Македонија" број 24/2003, 17/2011 и 154/15

Ревизијата смета дека е потребно да се изврши усогласување односно допрецизирање на регулативата, заради воедначено искажување на сите извори на финансирање на политичките партии во деловните книги и финансиските извештаи.

6.3. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во член 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации и член 18 од Правилникот за сметководството за непрофитните организации[6] уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции". Врз основа на наведените закони, донесени се подзаконски акти за унифицирано воспоставување на сметководствената евиденција кај непрофитните организации и билансни обрасци:

- Правилник за сметковниот план и билансите на непрофитните организации[7] и
- Правилник за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации[8].

Во наведените правилници, пропишани се сметки и позиции кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа".

За надминување на утврдената состојба, надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе се обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции ".

6.4. Согласно членот 13 од Законот за финансирање на политичките партии, членарината е предвидена како дел од приватни извори на финансирање на политичките партии. Членарината претставува редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата, кој износ поединечно по член, согласно член 14 од истиот закон, за период од една година не смее да биде повисок од една просечна исплатена нето плата во Републиката објавена од Државниот завод за Статистика. Приходите од членарина кај дел од партиите, се регулирани со интерни акти каде се пропишани висината на членарината, начинот на плаќање и уплата, како и начинот на нивното евидентирање, кои се разликуваат кај одделните партии.

[6] „Службен весник на Република Македонија„ број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011;
[7] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/2005, 11/2006;
[8] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/2005;

Заради воедначено постапување кај сите политички субјекти, ревизијата смета дека е потребно надлежните органи да донесат поконкретни насоки за регулирање на начинот на плаќање, уплата, евидентирање на членарината, со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено евидентирање и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно.

**СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од членарини,подароци, донации и приходи од други извори | 3.1.1. | 116,877 | 53,847 |
| Приходи од кирии и закупнини | 3.1.2. | 40 | 250 |
| Други приходи | 3.1.3. | 634 | 13,000 |
| Пренесен дел од вишок на приходи од претходна година | 3.1.4. | 5,351 | 152 |
| Вонредни приходи | 3.1.5. | 29 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **122,931** | **67,249** |
| **Расходи** | | | |
| Расходи, материјални расходи, услуги и амортизација | 3.2.1. | 35,323 | 12,009 |
| Други расходи | 3.2.2. | 54,194 | 27,754 |
| Пренесени средства | 3.2.3. | 1,738 | 13,283 |
| Капитални и други средства | 3.2.4. | 2,814 | 889 |
| Плати и надомест на плати | 3.2.5. | 8,166 | 7,726 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 3.2.6. | 233 | 237 |
| **Вкупно расходи** | | **102,468** | **61,898** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **20,463** | **5,351** |

**СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2018 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 ден. |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2018** | **2017** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 20,771 | 5,746 |
| Побарувања | 4.1.2. | 401 | 985 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 17,917 | 45,015 |
| **Вкупно тековни средства** | | **39,089** | **51,746** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | |
| Капитални (материјални) средства | 4.2.1. | 121,858 | 125,187 |
| **Вкупно капитални средства** | | **121,858** | **125,187** |
| **Вкупна актива** | | **160,947** | **176,933** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 17,917 | 13,160 |
| Обврски по краткорочни кредити и заеми | 4.3.2. | 308 | 395 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 20,864 | 6,336 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **39,089** | **19,899** |
| **Обврски по долгорочни кредити и заеми** | | **0** | **31,847** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 121,858 | 125,187 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **121,858** | **125,187** |
| **Вкупна пасива** | | **160,947** | **176,933** |

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКДОНИЈА
ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2018 ГОДИНА

во 000 ден.

| О П И С | Деловен фонд | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2018 година** | **125,187** | - | **125,187** |
| **Зголемување по основ на:** | **211** | **73** | **284** |
| Набавки | 211 | 73 | **284** |
| **Намалување по основ на:** | **3,540** | **73** | **3,613** |
| Амортизација | 3,540 | 73 | **3,613** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2018 година** | **121,858** | - | **121,858** |

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0205-67
07.02.2020 год.
СКОПЈЕ

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
ул. "Бихаќка" бр. 8, 1000 Скопје, Република Македонија
тел.: 02/ 3293 100 • факс: 02/ 3293 109
htpp\\www.sdsm.org.mk • e-mail: contact@sdsm.org.mk

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 10.02.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: |
| 10 | 276 | 1 | |

До

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Предмет: Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година број 10-88/4 од 31.12.2019 година за Политичката партија Социјалдемократски сојуз на Македонија

**ПРЕПОРАКА ВО ВРСКА СО НАОД 4.1.1**

**Да се продолжи со отпочнатите активности за утврдување на сопственоста на објектите кои се користат, нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности и во сметководствената евиденција на партијата.**

**ЗАБЕЛЕШКА НА ПРЕПОРАКА ВО ВРСКА СО НАОД 4.1.1**

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија користи и владее дел од деловниот простор како правен наследник на Сојузот на комунисти.

За овој деловен простор што го владее Социјалдемократски сојуз на Македонија редовно си ги плаќа комуналните трошоци.

За утврдување на правото на сопственост но овој деловен простор Социјалдемократски сојуз на Македонија на ден 26.12.2019 година го овласти Адвокатското друштво РИСТОВСКА & ВУЈИЌ да отпочне правна процедура за утврдување на право на сопственост.

Овластувањето на Адвокатското друштво РИСТОВСКА & ВУЈИЌ е прилог на забелешкиве.

Дел од овој деловен простор е од времен карактер како што е деловниот простор во Кисела Вода и Гази Баба и за истиот истиот не можеме да добиеме право на сопственост.

Деловниот простор ќе го владееме се додека соодветни надлежни органи не донесат одлука за утврдување на сопственост или одлука за одземање на владението.

Пример за одземање на владение во изминативе години имавме во Прилеп, Штип, Бутел, Гостивар, Кичево, Велес и на два деловни простори во Карпош.

Останатиот имот со кој располага Социјалдемократскиот сојуз е заведен во Агенцијата за катастар на недвижности како и во сметководствената евиденција на партијата а за деловниот простор што го користиме под закуп имаме соодветни договори.

**Од тука не се согласуваме со наодот што го давате и бараме во Конечниот извештај тој да се избрише бидејќи со напред наведеното Социјалдемократскиот сојуз има продолжување на отпочнатите активности за утврдување на сопственоста на објектите кои се користат, нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности и во сметководствената евиденција на партијата.**

**ПРЕПОРАКА ВО ВРСКА СО НАОД 4.1.2**

**Одговорното лице на партијата да превземе активности за донесување на акт за доуредување на начинот на прибирање, уплата и известување за поединечните износи на средства средства по основ на членарина, заради потврдување дека поединечните износи на членарина се во рамките на законски утврдениот лимит.**

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија го има прецизизирано прибирањето на членарината како еден од приватните извори на финансирање и тоа го врши согласно член 14 од Законот за финансирање на политички партии.

Заради допрецизирање на Социјалдемократскиот сојуз има донесено соодветни документи со кои ја уредува висината и начинот на прибирање на членарината а тоа се: Одлуката на Централниот одбор на СДСМ за висината на членарината во СДСМ ,Правилникот за плаќање на членарина во СДСМ, Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за плаќање на членарина во СДСМ како и решение на лицето одговорно за материјално финансиско работење на партијата за именување на овластени лица по региони за уплата на членарина .

Со донесените документи во целост се испочитувани законските одредби од член 14 на Законот за финансирање на политичките партии.

Во член 2 од Правилникот за плаќање членарина во СДСМ е пропишано дека износот на членарината за период од една година на секој член поединечно не смее да биде повисок од една просечно повисока плата, а во Одлуката за изменување на Правилникот за плаќање на членарина во СДСМ уплатата на собраната членарина се врши преку овластени лица именувани од страна на одговорното лице на СДСМ за материјално финансиско работење со ПП10 образец на трансациската сметка на СДСМ.

ОО на СДСМ се грижат за уредно прибирање на членарината, висината на истата и го известуваат сметководството на партијата за уредноста во плаќањето и прибирањето на членарината.

Социјалдемократскиот сојуз во целост ги има извршено следниве работи согласно закон и донесените правилници и тоа;

1. Средствата од уплатените членарини од секоја ОО на СДСМ се евидентирани во сметководствената евиденција.
2. Одговорното лице за материјално финансиско работење на СДСМ на почетокот на секоја календарска година до ОО на СДСМ доставува допис со кој ги известува ОО на СДСМ за висината на членарината на секој поединечен член што може да ја плати во тековната година која не смеее да биде повисока од една просечна исплатена нето за плата во Републиката во претходната година што ја објавува Државниот завод за Статистика.
3. Одговорното лице за материјално финансиско работење на СДСМ по завршување на секоја календарска година го информира сметководството на партијата за тоа дали некоја ОО на СДСМ има доставено известување за надминување на износот согласно член 2 од Правилникот за плаќање на членарина на некој од членовите на СДСМ.

**Од тука не се согласуваме со наодот што го давате и бараме во Конечниот извештај тој да се избрише бидејќи со напред наведеново Социјалдемократскиот сојуз во целост ги има исполнето пропишаните одредби за прибирање на средствата од членарина согласно Законот за финансирање на политичките партии.**

Се надеваме искрено дека нашите забелешки ќе бидат прифатени и наодите 4.1.1 и 4.1.1.2 ќе бидат избришани од Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година број 10-88/4 од 31.12.2019 година за Политичката партија Социјалдемократски сојуз на Македонија.

Со почит

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
Претседател

Зоран Заев

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0205-579
26.12.2019 год.
СКОПЈЕ

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
ул."Бихаќка" бр. 8, 1000 Скопје, Република Македонија
тел.: 02/ 3293 100 • факс: 02/ 3293 109
htpp\\www.sdsm.org.mk • e-mail: contact@sdsm.org.mk

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА

# О В Л А С Т У В А Њ Е

Политичка партија СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА Скопје со седиште на: ул. Бихаќка бр.8, во Скопје-Центар со ЕМБС: 4162021, застапувано од овластено лице Зоран Заев од Струмица, го овластува АДВОКАТСКО ДРУШТВО РИСТОВСКА & ВУЈИЌ Скопје, ул. Аминта Трети бр.25/1-2 Скопје, со ЕМБС: 7214332, застапувано од овластено лице адвокат Наталија Дарковска од Скопје, e-mail: contact@lawoffice-ristovski.mk, да поведе правна постапка за утврдување на право на сопственост пред надлежни институции и органи за деловните простори што Социјалдемократскиот сојуз на Македонија ги користи како правен наследник на Сојузот на Комунисти во Кисела Вода, Гази Баба, Центар, Тетово,Куманово, Виница и Делчево во својство на тужител.

Ова полномошно е со важност за сите од редот на адвокати, стручни соработници и адвокатски приправници од адвокатското друштво.

Врз основа на ова полномошно, Адвокатското друштво може да даде заменичко полномошно на друг адвокат, адвокатски стручен соработник Бојан Јовчевски од Скопје или адвокатско друштво.

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
Претседател

Зоран Заев

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 10.02.2020 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот број 10-88/4 од 31.12.2019 година, за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година, од раководното лице Зоран Заев на Политичка партија Социјалдемократски сојуз на Македонија - СДСМ, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-276/1 од 10.02.2020 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на **препораката** по констатираната состојба изнесена во точка 4.1.1., која се однесува на продолжување со отпочнатите активности за утврдување на сопственоста на наследените објекти, со цел нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности и во деловните книги на партијата, претставуваат **известување** за преземените активности од страна на Политичка партија. Имено, доставено е Овластување заведено под бр.0205-579 од 26.12.2019 година, со кое Партијата овластува Адвокатско друштво да поведе правна постапка за утврдување на право на сопственост пред надлежни институции и органи за наследените деловни простории, што соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај. Во прилог на забелешките не се доставени други дополнителни докази за менување на утврдената состојба и дадената препорака.

2. Забелешката на препораката по констатираната состојба изнесена во **точка 4.1.2.**, која се однесува на допрецизирање на начинот на прибирање, уплата и известување за поединечните уплатени средства по основ од членарина, претставуваат **известување** за донесените акти од страна на партијата и начинот на кој се врши сметководствена евиденција на средствата по овој основ. Наведените интерни акти овластениот државен ревизор ги имаше предвид во текот на вршењето на ревизијата. Во прилог на забелешките не се доставени дополнителни докази за менување на утврдената состојба и дадената препорака.